РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр.-Nr. 04-3274/4
25-11-2025 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 37 став (8), став (11) и став (12) од Законот за вработените во Министерство за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.53/24), а во врска со член 10 од Правилникот за начинот на поднесување пријава за вработување во Министерството за одбрана, составот на Комисијата за избор, начинот на работа на Комисијата за избор, составување на ранг листи, бодување и избор на прворангиран кандидат („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.247/24), државниот секретар донесе

О Д Л У К А
за избор на кандидат по објавен јавен оглас број 3/2025 за вработување на 6 (шест) лица во Министерството за одбрана

1.Во врска со Јавниот оглас број 3/2025 за вработување на 6 (шест) лица во Министерството за одбрана, објавен на ден 30.07.2025 година на веб страната на Министерството за одбрана и во дневните весници „Слободен печат" и „Коха", за работно место: **ОДБ0210В04000 Помлад соработник за спроведување на активностите за имплементација на НАТО цели на способности за стабилизација и реконструкција, категорија В, (1) извршител**, се избира кандидатот **ФИЛИП АНАСТАСОВ**, со идентификациски код **ОДБ02 002.**

2.Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на веб страната на Министерството за одбрана.

3.По конечноста на Одлуката со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување и ќе се донесе Решение за распоредување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Јавен оглас број 2/2025 за вработување на 6 (шест) лица во Министерството за одбрана, објавен на ден 04.07.2025 година на веб страната на Министерството за одбрана и во дневните весници „Слободен печат" и „Коха", за работно место: **ОДБ0210В04000 Помлад соработник за спроведување на активностите за имплементација на НАТО цели на способности за стабилизација и реконструкција, категорија В, (1) извршител**, формирана е Комисија за избор на кандидати за вработување по Јавен оглас со Решение бр. ОУ 04-244/1 од 04.08.2025 година.

Предметната Комисија ја спроведе постапката за селекција и избор на кандидати и согласно законската и подзаконската регулатива состави: Записник од административната селекција ОУ бр. 04-244/9 од 17.11.2025 година, Записник од спроведениот писмен испит ОУ бр. 04-244/21 од 20.11.2025 година и Записник од спроведено интервју ОУ бр. 04-244/33 од 21.11.2025 година чиј составен дел се листи на кандидати кои продолжуваат во следната фаза на постапката.

По завршување на сите фази од постапката за селекција и избор за вработување, предметната Комисија до Државниот секретар со допис ОУ бр. 04-244/39 од 24.11.2025 година, достави ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со предлог за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно наведеното, именуваниот/та е прворангиран/а кандидат и од која причина се донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба преку Министерството за одбрана до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката. Со истек на овој рок, Одлуката станува конечна.

Изработила: Елена Иванова
Контролира/Одобрил: Ирена Станковска

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Елизабета Чуповска Ристова

Доставa до:

-избрано лице ( електронска достава)
-пријавени кандидати (електронска достава)
-Директорат за комуникации ( копија бр.1 за објава на ВЕБ страна на МО)
-Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука (копија бр.2)
-Архива (примерок бр.1)